**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН НЕРЕВИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

**ЗА ПЕРИОД ОД 01.01-30.06.2023 година**

УГОТУР Акционерско друштво за трговија, услуги и агенциско работење - Скопје за периодот Јануари – Јуни 2023 година оствари оперативна загуба во износ од 710 илјади денари искажана во неревидираниот Биланс на успех.

УГОТУР АД Скопје во првото полугодие од 2023 година нема значителни промени во сметководствените политики и методи на ставките во финансиските извешта, споредено со ревидираните финансиски извештаи за 2022 година.

Вкупните приходи остварени во период 01.01.2023-30.06.2023 година изнесуваат 1.135 илјади денари и истите бележат значителен пад во споредба со истиот период во 2022 година. Во рамки на вкупните приходи оперативните приходи изнесуваат 532 илјади денари. Финансиски приходи остварени во период 01.01.2023-30.06.2023 изнесуваат 603 илјади денари.

Вкупните расходи во периодот 01.01.2023-30.06.2023 година изнесуваат 1.242 илјади денари и истите бележат значителен пад во споредба со истиот период 2022 година. Финансиските расходи остварени во период 01.01.2023-30.06.2023 година нема.

Остварената нето загуба за периодот Јануари – Јуни 2023 година изнесува 107 илјади денари.

Вкупните обврски по кредити со 30.06.2023 година изнесуваат 304 илјади денари.

Со истекот на деловната 2022 година друштвото ги заврши своите деловни активности поврзани со работењето согласно Одлуката за голема зделка донесена од страна на Собранието на акционери на друштвото во 2020 година . Друштвото престана со извршување на споредната угостителска дејност. Од овие причини во наредниот период се очекува намалување на приходите и добивката на друштвото во значителен износ. Раководството на Друштвото веднаш по овие настани презеде мерки за намалување на трошоците. Основната дејност на друштвото останува неспецијализирана трговија на големо.

Раководството на Друштвото во престојниот период ќе се насочи кон изнајдување на нови деловни проекти кои во моментот не може попрецизно да ги предвиди.

**УГОТУР АД Скопје**